Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3, член 20 став 1 алинеја 10 и член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 42 став 2 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 41 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година и Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје Уп1 бр.02-364 од 30.12.2025 г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-174/5 од 14.1.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1 седница одржана на 14.1.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, и тоа:

- за истапување на физичкото лице Екрем Кадри, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted], со учество од 50% во основната главнина и на физичкото лице Мефаил Кадри, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted], со учество од 50% во основната главнина; и

- за пристапување на правното лице ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА на Република Северна Македонија Скопје, со ЕМБС 4069676 и адреса на ул.„Чаирска“ бр. 52 Чаир, Скопје.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлуката, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје е должно да ја спроведе промената на сопственичката структура од точка 1 на оваа Одлука во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука. Доколку промената не се спроведе во наведениот рок, оваа одлука ќе се поништи.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр. 02-364 од 30.12.2025 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-364 од 30.12.2025 г.) од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Агенцијата, со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, обезбеди Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба, бр.0820-50/150020250498434 од 31.12.2025 г., бр.0820-50/150020260005797, бр.0820-50/150020260005833, бр.0820-50/150020260005862, бр.0820-

50/150020260005868, бр.0820-50/150020260005897, бр.0820-50/150020260005910 и бр.0820-50/150020260005925 сите од 12.1.2026 година од кои е видно дека правното лице ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА на Република Северна Македонија Скопје се јавува како основач/сопственик на Туристичка Агенција ДАРУССЕЛАМ – ИВЗ ДООЕЛ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 79.11 – Дејности на туристичките агенции; Здружение за хуманитарни цели ХИЛАЛ– Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (во документот од Централниот регистар нема податок за улогата на Исламската верска заедница во ова здружение); како основач/сопственик на Друштво за погребални услуги ЕР-РАХАТУ ДООЕЛ Скопје чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 96.300 – Погребални и слични дејности; во ФАКУЛТЕТ ЗА ИСЛАМСКИ НАУКИ Скопје чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 85.400 – Високо образование (во документот од Централниот регистар нема податок за улогата на Исламската верска заедница во факултетот); како основач/сопственик на Организација за хуманитарни цели ХИЛАЛ ИВЗ – Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.990 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место; и како основач/сопственик на Училиште за средно образование МЕДРЕСЕЈА ИСА БЕУ – Скопје Shkolla për arsim të mesëm MEDRESEJA ISA BEU – Shkup, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 85.310 – Средно општо образование. Правните лица Туристичка агенција ДАРУССЕЛАМ – ИВЗ ДООЕЛ Скопје, Здружението за хуманитарни цели ХИЛАЛ – Скопје, Друштво за погребални услуги ЕР-РАХАТУ ДООЕЛ Скопје, ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИСЛАМСКИ НАУКИ Скопје, Организација за хуманитарни цели ХИЛАЛ ИВЗ – Скопје и Училиштето за средно образование МЕДРЕСЕЈА ИСА БЕУ – Скопје, не се јавуваат како основачи на трговски друштва.

Физичкото лице Шаќир Фетаи се јавува како овластено лице на ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА на Република Северна Македонија Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.91 – Дејности на верски организации. Податоците за ова правно лице се претставени погоре.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик, бр.2007-50/150020250498451 од 31.12.2025 г., за Шаќир Фетаи, од кој може да се констатира дека ова лице е евидентирано како вистински сопственик во регистарот на вистински сопственици на ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА во РМ Скопје, Друштво за погребални услуги ЕР-РАХАТУ ДООЕЛ Скопје и ФАКУЛТЕТ ЗА ИСЛАМСКИ НАУКИ Скопје.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје ќе биде правното лице ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА на Република Северна Македонија Скопје, со ЕМБС 4069676 и адреса на ул.„Чаирска“ бр.52 Чаир , Скопје.

Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје е должно да ја спроведе промената на сопственичката структура од точка 1 на оваа Одлука во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука. Доколку промената не се спроведе во наведениот рок, оваа одлука ќе се поништи.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје Уп1 бр.02-364 од 30.12.2025 г., Советот на Агенцијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-364**
**15.01.2026 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**претседател на Совет,**
**м-р Сашо Стефановски, с.р**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.